## INTERNATIONAL CONFERENCE 50 YEARS *ANTIQUITAS VIVA*

По повод 50 години од континуираното излегување на списанието *Жива Антика* како и 10 години од смртта на нејзиниот основач акад. Михаил Д. Петрушевски, Македонската академија на науките и уметностите и Филозофскиот факулет од Скопје организираа Меѓународна конференција под наслов ANTIQUITAS VIVA која под покровителство на претседателот на Р. Македонија Борис Трајковски се одржа во Охрид од 5 до 7 декември 2000 година.

Конференцијата беше отворена со поздравните говори на:

– Акад. Петар Хр. Илиевски, Претседател на Организациониот комитет

– Г. Борис Трајковски, Претседател на Република Македонија

– Акад. Георги Д. Ефремов, Претседател на МАНУ

– Проф. Д-р Трајан Гоцевски, Декан на Филозофскиот факултет

– Акад. Cornelius J. Ruijgh (Холандија) во име на учесниците од странство.

На Конференцијата зедоа непосредно учество со свои излагања: Битракова Грозданова Вера (Македонија), Gulizio Joann (САД), Илиевски Петар Хр. (Македонија), Gantar Kajetan (Словенија), Killen John T. (Велика Британија), Kyriakidis Evangelos (Грција), Микулчиќ Иван (Македонија), Митевски Витомир (Македонија), Митревски Драги (Македонија), Perić Olga (Хрватска), Pluta Kevin (САД), Ruijgh Cornelius J. (Холандија), Тачева Маргарита (Бугарија), Tyrtković Tamara (Хрватска).

Дел од поканетите, од разни причини не беа во состојба да земат непосредно учество на Конференцијата; тие дополнително испратија свои реферати за јубилејниот број на списанието: David Amirthanayagam (САД), Babič Matjaž (Словенија), Duhouh Yves (Белгија), Душаниħ Слободан (Југославија), Pia de Fidio (Италија), García Ramón José Luis (Германија), Hiller Stefan (Австрија), Марковиħ Мирослав (САД), Meier-Brügger Michael (Германија), Panayotou-Triantaphyllopulou

Anna (Кипар), Папазоглу Фанула (Југославија), Петрова Елеонора (Македонија), Scardigli Barbara (Италија), Waanders Frederik M. J. (Холандија).

Рефератите што ги добивме во закажаниот рок ги објавуваме во јубилејниов број (том 50 1/2) на *Жива Антика*. Мал дел од нив кои ги добивме откако бројот веќе беше во подготовка, ќе ги објавиме во следниот број (том 51 1/2).